Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-191/4
01-06-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–191/1 од 24.02.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] на Јавната Здравствена Установа Психијатриска болница"Скопје"-Скопје, со седиште на ул. "Скупи-20", број 56 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 01.06.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност, во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] на Јавната Здравствена Установа Психијатриска болница"Скопје"-Скопје кон лицето [redacted] од Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 24.02.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08–191/1, од страна на подносителот [redacted] од Скопје, а против лицето [redacted] на Јавната Здравствена Установа Психијатриска болница"Скопје"-Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите во претставката истата се однесува на добиена негативна Одлука за избор на кандидат за вработување на неопределено време по јавен оглас број 04-1377/4 од 30.12.2022 година, заведена под број 04-1377/18-2022 од 13.02.2023 година, за работно место Психолог во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"-Скопје и добиено Известување по јавниот оглас за вработување за работно место Психолог заведено под број 04-1377/22-2022 од 14.02.2023 година со која подносителката смета дека и е сторена дискриминација при изборот по основ на етничка припадност и дека и се нарушени правата од областа на работните односи.
Имено, со Одлука за избор на кандидат за вработување на неопределено време по јавен оглас број 04-1377/4 од 30.12.2022 година за работно место Психолог во ЈЗУ Психијатриска Болница "Скопје"-Скопје, донесена од споменатата болница, извршен е избор на лицето [redacted] за Психолог врз основа на спроведена селекција и по спроведено интервју и постигнати резултати на тестирање, согласно покажаната мотивација за работа во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"-Скопје и познавање на здравствената дејност од областа на менталното здравје во болницата.

Во претставката, подносителката наоѓа дека Првостепениот орган погрешно ја утврдил фактичката состојба при изборот на кандидатот [redacted] и истиот не го почитувал ниту применил предвидениот посебен услов наведен во точка 10 од Јавниот оглас за вработување во болницата, објавен во дневниот весник "Нова Македонија" на 31.12.2022 година. Имено, првостепениот орган не ја утврдил етничката припадност на кандидатот [redacted] ниту навел во обжалената одлука дали кандидатот се прима како македонка или ромка, согласно Планот за вработување на болницата и според балансерот. Поради вака погрешно утврдената фактичка состојба, подносителката на претставката се чувствува елиминирано и дикриминирано при вработувањето. Изборот на гореименуваното лице, сега вработено во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"-Скопје, е спротивен на балансерот и на точката 10 од јавниот оглас.

Подносителката истакнува дека е потребно да се земат предвид сите истакнати наводи и да се превземат мерки бидејќи постои сомнение за извршена злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службена должност или положба со остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, при тоа земјаќи ја во предвид Одлуката за избор на кандидат за вработување на неопределено време по јавен оглас за Психолог во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"-Скопје.

По увидот во наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација истата ја достави на произнесување до потенцијалниот дискриминатор, Јавната Здравствена Установа Психијатриска болница"Скопје"-Скопје, од каде на 19.04.2023 година доставен е Одговор, заведен под архивски број 08-191/3, во кој се наведува дека ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"-Скопје спровела постапка за вработување на 2 (два) доктори специјалисти невропсихијатри, 1 (еден) психолог и 3 (три) лица на работно место медицинска сестра. За таа цел објавен е Оглас за вработување согласно член 5 и член 20 од Законот за вработување во јавниот сектор, а согласно Методологијата за планирање на вработувања во Јавниот сектор. При тоа наведено е дека е потребно вработување на 5 (пет) македонци и 1 (еден) ром. Понатаму, во Одговорот се наведува дека, за работното место за кое е поднесена претставката примен е кандидатот [redacted] кој во доставената изјава се изјаснила како ром. Комисијата за селекција на кандидати, се наведува во Одговорот, нема надлежност да спроведува истрага за утврдување на точноста на нводите во изјавата. Со оглед дека [redacted] согласно спроведената евалуација била прва на ранг листата со најмногу освоени поени, работодавачот донел Одлука за прием на истата. Како заклучно согледување е наведено дека ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"-Скопје, смета дека не е сторена суштествена повреда на постапката.

Уставот на Република Северна Македонија, во член 8 ги уредува Темелните вредности на уставниот поредок, па како една од истите наведена е и *соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.* Во член 32 став (1) од Уставот е уредено дека *секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при*

*работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.* Согласно став (2) од истиот член, *секому под еднакви услови, му е достапно секое работно место.*

Законот за работните односи (" Службен весник на Република Македонија", број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија", број 110/19, 90/20, 113/20, 267/20, 151/21 и 288/21 )е генерален закон со кој се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување. Во член 6 од законот е уредена Забрана на дискриминацијата, па во став (1) се вели дека: *Работодавачот не смее баарателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.* Во член 7 став (4) точка 1 од овој закон е уредено дека *Дискриминацијата кај работодавачот е забранета во однос на: 1) условите за вработување, вклучувајќи ги и критериумите и условите за избор на кандидати за вршење на определена работа, во која било гранка односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности и на сите нивоа на професионална хиерархија.* Согласно член 22 став (3) од законот, *во јавна установа, јавно претпријатие и друго превно лице што врши дејност на јавна служба, орган на државната власт и орган на единицата на локалната самоуправа, при вработување се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во републиката, односно во единиците на локалната самоуправа, без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.* Во член 25 став (1) од Законот за работните односи, уредено е дека *работодавачот смее да бара од кандидатот само приложување на докази за исполнување на бараните услови за вршење на работите.*

Во член 5 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија", број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија", број 143/19 и 14/20) уредено е Начелото на еднакви услови, еднаков пристап до работно место и соодветна и правична застапеност, па во став (1) од овој член се вели дека *институциите, согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, имаат обврска слободните работни места и условите за нивно пополнување да ги огласуваат преку интерен, односно јавен оглас.* Согласно став (2) од истиот член од законот, *институциите имаат обврска да ги планираат вработувањата со годишни планови, согласно со нивните потреби, а врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност.* Согласно став (1) од член 20-а, *вработувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на годишни планови за вработување, кои функционерите*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*кои раководат со институциите ги подготвуваат врз основа на Методологијата од членот 5 став (3) на овој закон.* Во став (2) е уредено дека *планот за вработување се изготвува на ниво на институција и содржи:*

*- точни податоци за состојбата на пополнетост на работните места во институцијата,*

*- податоци за планирани пензионирања и податоци за други планирани движења на вработените (мобилност во рамките на институцијата и/или јавниот сектор, унапредувања и друго) и*

*- план за распределба на бројот на нови вработувања во следната година по припадност на заедница.*

Во член 20-г став (1) се уредува дека *за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување, институцијата е должна да објави јавен оглас.* Согласно став (2) *кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место*, а во ставот (3) се предвидува дека *Комисијата за селекција е должна во рок од три дена од истекот на рокот за пријавување на огласот да провери дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот*, Согласно став (5), *по комплетирањето на доказите, Комисијата за селекција врши проверка на веродостојноста на доказите.*Согласно член 20-д *по спроведената постапка на селекција, за секое различно работно место од јавниот оглас се прави ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале сите фази на селекција. Од ранг-листите се избираат онолку најдобро рангирани кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот планот на институцијата се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат за таквите работни места.*

Имено, од приложените докази кон предметната претставка може да се констатира дека ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"-Скопје, на 31ви декември 2022 година објавила Јавен Оглас за вработување на неопределено време на две лица на работно место доктор специјалист невропсихијатар/психијатар, едно лице на работно место психолог и три лица на работно место медицинска сестра. Во јавниот оглас во точка 2 предвидено е дека кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон за здравствена заштита, и тоа 1) да се државјани на Република Северна Македонија, 2) да се полнолетни, 3) да имаат општа здравствена способност и 4) да не им е изречена со правосилна одлука забрана за вршење на професија, дејност или должност, не посатара од 6 (шест) месеци. Во Точката 10 од јавниот оглас пак е наведено дека по основ на распределбата согласно Планот за вработување во однос на јавниот оглас, предвидени се 5 (пет) места за македонци и 1 (едно) место за роми.

Врз основа на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај не најде дека од страна на ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"-Скопје, е сторена дискриминација кон подносителката на претставката, по основ на етничка припадност во областа на работата и работните односи, земено предвид дека во Јавниот оглас објавен за пополнување на 6 (шест) работни места во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје"-Скопје, во Точка 10 било предвидено дека по основ на

распределбата согласно Планот за вработување предвидени се 5 (пет) места за македонци, а 1 (едно) за роми, при тоа непрецизирајќи дека за определено работно место може или треба да конкурираат канидати кои се припадници на определена национална припадност, па со самото тоа изборот на кандидатката [redacted] за работнот место Психолог, која се изјаснила како ромка, не претставува акт на дискриминација. Ова од причина што согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминцаија ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) *забранета е секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.* Согласно член 6 од истиот закон, *Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Врз основа на сето погореизнесено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
01.06.2023 година

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

[redacted]

- Јавна Здравствена Установа Психијатриска болница "Скопје"-Скопје
  Ул. "Скупи-20", број 56, Скопје